# ПРАВИЛНИК

## ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЧЕНИЧКА ЗАЕДНИЦА ПРИ СУГС ГИМНАЗИЈА „ОРЦЕ НИКОЛОВ'' - УЗО

**февруари, 2024**

# Содржина


I. **ЗА УЗО** ..... 2

II. **СТРУКТУРА НА УЗО** ..... 3

III. **АКЦИСКИ ПЛАН СО ЦЕЛ** ..... 4

III.1.ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ИНФОРМИРАНОСТА И МОТИВАЦИЈАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЗО. ..... 4

III.2.ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈАТА МЕЃУ УЗО И УЧИЛИШНИТЕ СЛУЖБИ. ..... 4

III.3.КООРДИНАЦИЈА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА УЗО И ОСТАНАТИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО. ..... 5

III.4.ИСПОЛНИТЕЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ И ДЕЛУВАЊЕ НА УЗО. ..... 5

III.5.ПРИБИРАЊЕ НА МИСЛЕЊА ОД УЧЕНИЦИТЕ ..... 5

III.6.ОДРЖУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНИ СОСТАНОЦИ ..... 6

IV. **КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЗО:** ..... 7

IV.1.НОСЕЊЕ ОДЛУКИ ..... 7

IV.2.ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА КЛАС ..... 7

IV.3.ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА УЗО ..... 8

IV.4.ИЗБОР НА СЕКРЕТАР ..... 9

IV.5.ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД СЕКОЈА ГЕНЕРАЦИЈА ..... 9

IV.6.ОТПОВИКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УЗО ..... 10

IV.7.ИНГЕРЕНЦИИ И ОБВРСКИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УЗ ..... 10

## ВИЗИЈА

УЗО е самостојно рамноправно и легитимно тело составено од активни, мотивирани и амбициозни ученици, кое на демократски начин е вклучено во носењето одлуки во соработка со училишните служби.

## МИСИЈА

УЗО ги застапува потребите и интересите на учениците, преку комуникација и соработка со училишните служби и истовремено поттикнува и придонесува личен развој, преку вклучување на учениците во училишни и вонучилишни активности.

## Нешто повеќе за УЗО

Ученичката заедница...

- Ги претставува ставовите на учениците
- Поддржува и иницира ученички иницијативи
- Соработува со училишните служби
- Ученичката заедница е гласот на учениците

**Одговорен професор:** Ана Попризова, психолог

**Просторија за оддржување на состаноци:** Читална

**Официјален мејл:** orce.uz@gmail.com

**Официјална веб-страница:** https://zaednica.orcenikolov.edu.mk/

**СТРУКТУРА НА УЗО**

- Раководството на УЗО е составено од претседател,потпретседател и секретар на УЗО, како и претставници од генерациите.




**Ко-менаџмент телото брои 11 члена и тоа:**

- 5 ученици од кои 4 ученици се претседатели, односно претставници на својата генерација(I, II, III, IV година) и 1 ученик којшто е Претседател на Ученичката заедница;
- 3 наствници од кои еден е член, претставник од редот на наставниците во Училиштен одбор, а другите 2 наставници се дел од наставничкиот кадар;
- 1 претставник од Стручна служба;
- Директорот на училиштето;
- 1 родител - претставник од Советот на родители и еден заменик родител-претставник од Советот на родители;

Структурата на телото може да се промени само со едногласна одлука на сите членови на Ко-менаџмент телото.

# АКЦИСКИ ПЛАН СО ЦЕЛ:

## 1. Зголемување на информираноста и мотивацијата на учениците за УЗО.

- Спроведување на презентации на почетокот на учебната година за информирање на учениците за УЗО, нејзиниот состав, начин на дејствување и нејзините можности.
- Водење на профил на една од социјалните мрежи со цел рекламирање на училишната заедница на Орце Николов за нејзината активност, тековни информации, настани и спроведени иницијативи, достапни за сите ученици.
- Facebook група со сите членови на УЗО која ќе користи за известување.
- Е-списание, Веб-страница и инстаграм профил достапни за сите.
- Достапни извештаи на училишната огласна табла и соопштенија.

## 2. Зацврстување на комуникацијата меѓу УЗО и училишните служби.

- Еднаш во текот на училишното тромесечје се состанува советодавното ко-менаџмент тело, или по потреба се свикуваат вонредни седници.
- До крајот на учебната година УЗО доставува 4+1 извештаи (по 1 на 3 месеци, сè до примопредавање на новото раководство кое е должно да го стори истото за периодот мај-јуни) за работата и моменталната состојба на УЗО до директорот и педагошко-психолошката служба.

## 3. Координација и организација на УЗО и останатите во училиштето.

- Се приготвува годишен план за работа со цели и визии на УЗО, кој треба да биде доставен до директорот и педагошко-психолошката служба во текот на примопредавалниот период од 2 недели (последни недели од април, откако е избрано новото раководство на УЗО).
- Да се испрати годишен план и програма за настани предвидени во учебната година од страна на активните училишни клубови најдоцна до 2та седмица од септември на официјалниот мејл на УЗ (чие раководство понатаму има за задача презентирање на истите пред директорот и педагошко-психолошката служба, односно ко-менаџмент телото).

## 4. Исполнително функционирање и делување на УЗО.

- Задолжително одржување по најмалку 1 состанок во месец, а по потреба се свикуваат дополнителни или вонредни состаноци.
- Свикување на состаноци е дозволено по потреба или барање на членовите, раководството или стручните служби.
- Раководството на УЗО се свикува за информативни средби или за мали одлуки за кои не е потребно да се свикува целото УЗО. Нивна задача е да ги информираат останатите претседатели и да донесуваат одлуки кои не се толку важни или се од технички карактер.

## 5. Прибирање на мислења од учениците

- Се прави Онлајн анкетата на Google Form, чии баркод се објавува во Facebook групата, на профилот на УЗО, во сите 4 генерациски групи, на постери низ училиштето и на огласната табла.

  Добиените резултати се разработуваат компјутерски и дискутираат со УЗО и целото раководство.

  Анкетата е достапна за секој ученик. Секој кој сака да даде предлог, идеја, да постави прашање или пак се пожали на одредена тема може да го стори тоа преку оваа алатка

анонимно или со име, презиме, клас, мејл, инстаграм профил и така натаму (може сите, а може и самоволно да избере кое поле ќе го пополни).

- Се поставува кутија за иницијативи во училиштето, каде што секој ученик може да ја сподели својата идеја.

## 6. Одржување на ефективни состаноци

- Претседателот ги свикува и ги води состаноците, а во негово отстуство , тоа го прави потпретседателот
- Состаноците се свикуваат минимум 3 дена претходно (оправдано е во итни случаи тоа да е и пократко) со дневен ред по пат на соопштенија и известување во Фејсбук групата.
- На состаноците присуствуваат само претставници на УЗО и повикани гости
- Секретарот ги води и ги доставува записниците од секој состанок во рок од 2 дена после состанокот, првично во facebook групата на УЗО, а потоа и во генерациските групи и на огласната табла.
- Сите записници се архивираат, а се доставуваат до училишните служби на секое тромесечие
- На почетокот на состанокот се проверува и евидентира присуството на члетовите.

# КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА УЗО:

## 1. Носење одлуки

- Постојат три нивоа во кои се споделуваат информациите и се дискутираат прашања и проблеми на учениците и тоа

1. Класна заедница - Се дискутираат сите прашања кои ги вклучуваат учениците на еден клас
2. Генерациска заедница - Се дискутираат сите прашања за кои е засегната само една генерација
3. Училишна заедница - Се дискутираат сите меѓугенерациски прашања односно , на ниво на цело училиште.

- Според релевантноста на ситуацијата за која се дискутира, одлучуваат соодветните раководни тела од соодветните нивоа




- Потребно е просто мнозинство при гласањето за усвојување на одредена одлука.

## 2. Избор на претседатели и на потпретседатели на клас

- Изборот на претседател и потпретседал на клас се спроведува најдоцна до 2рата седмица од септември.
- Секој ученик од класовите има право да се кандидира за претседател според зададените критериуми.
- Изборот за претседател и потпретседател се избира со просто мнозинство од вкупниот број гласови. Доколку од номинираните кандидати, ниту еден нема добиено просто мнозинство

од гласовите, се преминува во втор круг на гласање со двајцата кандидати кои имаат највисок број на гласови.

- Кандидатот со просто мнозинство станува претседател на класот, а кандидатот со втор по ред највисок број гласови по автоматизам станува потпретседател.
- Критериуми за претседателство

  Одговорен.

  Редовен на состаноци.

  Да ги застапува интересите на мнозинството од класот без разлика на својот личен став.

  Редовно да ги информира учениците од својот клас.

  Да соработува со претседателите од другите класови и со професорите.

  Да ги исполнува обврските зададени од УЗО.

  Да ги почитува ставовите на другите претставници на УЗО.

  Да биде отворен за дискусија и решавање проблеми..

## 3. Избор на претседател и потпретседател на УЗО

- 3та или 4та седмица од март се отвара повик за номинации, кој ќе трае 5 работни дена. По отварање на повикот, кандидатите ги испраќаат своите апликации на официјалниот мејл на УЗО.
- Изборот на претседател и потпретседал на УЗО се спроведува најдоцна до 2рата седмица од април претходната учебна година.
- Сите ученици од 2ра и 3та согласно учебната година кога се распишува конкурсот имаат право да се кандидираат за претседател на УЗО.
- Право на глас имаат сите активни претставници на УЗО.
- Изборот на претседателот и потпретседателот ќе се одвива во две седници заклучно со 4та седмица од април:

  прва седмица – кандидатите за претседател и потпретседател ќе имаат можност кратко да се претстават (2-3 мин) пред сите ученици на класните часови со јавен говор

втора седмица – избор на претседателот и потпретседателот.

- Претседателот и потпретседателот се избираат со просто мнозинство од вкупниот број гласови. Доколку од номинираните кандидати, ниту еден нема добиено просто мнозинство од гласовите, се преминува во втор круг на гласање со двајцата кандидати кои имаат највисок број на гласови. Кандидатот со добиено просто мнозинство станува претседател, а кандидатот со втор по ред највисок број гласови по автоматизам станува потпретседател на УЗО.
- Мандатот на новото раководство започнува една седмица по пролетниот распуст, односно 2ра седмица од месец мај, додека пак периодот по завршување на пролетниот распуст е познат како период на примопредавање и координација со претходното раководство.

## 4. Избор на секретар

- Изборот на секретар на УЗО се спроведува заедно со изборот на претседател и потпретседател на УЗО.
- Најдоцна до 4тата седмица на март се отвара повик за номинации, кој ќе трае 5 работни дена. По отварање на повикот, кандидатите ги испраќаат своите апликации со пополнување на апликациската форма на УЗО.
- Сите ученици на Орце Николов имаат право да се кандидираат за секретар на УЗО.
- Актуелниот секретар ги повикува на состанок сите кандидати и прави селекција од 2 кои ќе ја имаат функцијата на секретар и заменик секретар за престојната учебна година.

## 5. Избор на претставници од секоја генерација

- Изборот на претставници на генерација се спроведува најдоцна до 3тата седмица од октомври.
- Сите претседатели на класовите имаат право да се кандидираат за претставник на својата генерација.

- Претседателите и потпретседателите на класовите на секоја генерација на посебен состанок го избираат својот претставник.
- Кандидатот со највисок број гласови станува претставник на генерацијата, додека пак оној со втор по ред највисок број на гласови станува потпретседател.
- По завршување на изборот, се доставува извештај до УЗ за спроведеното гласање и состанок.

## 6. Отповикување на членови на УЗО

- До отповикување на членовите на УЗО доаѓа при повеќекратно прекршување на правилата (критериумите) за членството на УЗО.
- Претставниците на УЗО имаат право да гласаат за отповикување на членот.
- Класниот раководител има право да го отповика претседателот на класот поради одредени причини (дисциплински мерки, намалено поведение, несоодветно однесување итн.). На негово место доаѓа потпретседателот на класот, а за него се наоѓа замена со повторно гласање со ист принцип.
- Престанува мандатот доколку:

  Неоправдано отсуствува на 3 состаноци на УЗО

  Покажува незаинтересиранот и неодговорност

  Ги потенцира своите ставови, а не ставовите на оние кои ги претставува

  Не ги информира учениците од својот клас

  Ја злоупотребува својата функција

  По дадена иницијатива за оптовикување членови.

## 7. Ингеренции и обврски на претседателот на УЗ

- Претседателот по неговиот избор има улога да ги свикува состаноците информирајќи ги притоа сите членови.

- Претседателот има улога да ја води училишната заедница согласно на правилникот и да не отстапува од механизмите за функционирање.
- Претседателот има право на суспендирање на членови од УЗ но не и на нивно отповикување без притоа гласање од потесното претседателство.
- Претседателот има улога на медијатор помеѓу училишните служби и училишната заедница, има обврска да ги информира обете страни за одлуките и интересите на другата.
- За отповикување на претседателот е потребно гласање со изгласано просто мнозинство. При тоа претседателот ја губи својата функција и се организира повторен избор.